РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ СТАТИСТИКА ЗА БИЗИС И ЕКОНОМИЈА И ОСНОВИ НА ДИГИТАЛНАТА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” – Скопје на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 19.06.2008 година одреди рецензентска комисија за избор на наставник по предметите статистика за бизнис и економија и основи на дигиталната економија, а во врска со конкурсот објавен во весникот “Утрински весник” на 26.05.2008 година во состав 1. проф.д-р Коста Сотироски, 2. проф.д-р Жанета Попеска и 3. проф.д-р Нада Секуловска. Откако ги разгледа поднесените конкурсни материјали членовите на комисијата го поднесуваат следново мислење.

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник, се пријави кандидатката д-р Калина Треневска Благоева, вонреден професор, досегашен наставник на предметите статистичка анализа и основи на дигиталната економија на Економскиот факултет во Скопје.

I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Калина Треневска- Благоева е родена на 31.1.1964 год. во Скопје, каде што ги завршила основното училиште и гимназијата “Јосип Броз Тито” со континуиран одличен успех. Во учебната 1982/83 год. се запишала на Економскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во февруари 1987 год. на насоката економска политика и развој, со просечна оценка 9.12.

На Економскиот факултет во Скопје се вработила на 1.1.1988 год. како помлад асистент по група предмети од областа на статистиката. Во учебната 1988/1989 год. се запишала на последипломски студии на *Економскиот факултет во Белград* на насоката *Статистичка анализа и кибернетика у економији* подсмер *Статистичка анализа,* како единствен студент во таа генерација. По положувањето на предвидените испити и изработката на семинарските работи, магистрирала во 1993 год. со одлично одбранета магистерска работа под наслов “Факторијални планови и линеарни модели” и се стекнала со звањето – магистер на статистички науки. Во 1994 год. е избрана во звањето асистент по група предмети од областа на статистиката, а во 1997 година е реизбрана во истото звање. Во текот на работата како асистент, таа била ангажирана во изведување на вежби, прегледување на писмени задачи и други активности со студентите на предметите основи на статистичката анализа и економска статистика.

Во 1996 год. ја пријавила докторската дисертација под наслов “Планирање на експерименти и избор на оптимален дизајн” на Економскиот факултет во Скопје и по успешната одбрана во ноември 1998 година и се стекнала со звањето –доктор на економски науки. Во 1999 год. е избрана во звањето доцент по предметот статистичка анализа на Економскиот факултет во Скопје, каде што работи и денес. За вонреден професор е избрана во април 2004 година.

Во текот на работењето имала неколку престои на универзитети во странство заради стручно и научно усовршување и тоа: JICA International Centre во Окинава-Јапонија (1990) на курс за користење на персонални сметачи, Државен универзитет во Охајо, Колеџ за бизнис, Толедо, САД (1991), Стефан Батори фондација летна школа, Олштин, Полска, (1992), учество на 51 Сесија на ISI во

Истанбул, Турција (1997), на 52 Сесија на ISI во Хелсинки, Финска (1999) и на 54 Сесија на ISI во Берлин, Германија (2003), престој на Универзитетот во Вулверхемптон, Велика Британија (1999), престој на Fontys Универзитетот за применети науки во Ајндховен, Холандија (повеќе пати во период 2002-2008), неколку престои на Универзитетот Вест-Фландерен од Бриж (2002-2008), Белгија, на Универзитетот во Рејкјавик, Исланд, (2003), на Универзитетот Пантеон Сорбон III, Париз (2007-2008) и др .

Учествува и учествувала во неколку научно-истражувачки проекти, како домашни, така и меѓународни.

Има објавено, самостојно или во коавторство, повеќе од 30 научни трудови и статии, едно учебно помагало и еден учебник.

II. НАСТАВНА РАБОТА И НАУЧНО-СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Наставно-педагошката работа на д-р Калина Треневска-Благоева на Економскиот факултет започнува во 1988 година како помлад асистент на предметите основи на статистичката анализа и економска статистика. Како асистент по наведените предмети, била вклучувана во сите форми на наставно-педагошката и научната работа: изведување вежби и настава, подготвување наставни материјали за студентите за вежби и учество во прегледувањето на писмените тестови. Суштината на предметите претпоставува огромен труд и ангажман и лична посветеност. По докторирањето во 1998 год. и по изборот во звањето доцент во 1999 година, д-р Калина Треневска- Благоева е координатор по предметот статистичка анализа на департманот Економија 10 години.

Како наставник по предметот статистичка анализа, таа ја осовременува наставната програма, како и начинот на изведување на наставата и вежбите, преку следење на најновите педагошко - методолошки сознанија од областа на која припаѓа предметот и преку користење на современи технички можности и компјутерските лаборатории со кои располага Факултетот. Тука посебно би го споменале користењето на веб базираната платформа Zephyr (слободен софтвер развиен од Универзитетот во Гент, Белгија) за електронско учење и комуницирање со студентите, што кандидатката активно го користи за испраќање на материјали и сите останати информации.

Предметот основи на дигиталната економија е нов предмет воведен на департманот по е-бизнис кој што како таков бараше огромен личен напор за развој и воспоставување. Во координација со менторите од партнерските странски универзитети, се разви нов предмет, иманентен на продирањето на новата економија базирана на знаење, современ, кој веќе го наоѓа своето место и на другите департмани (департманите по надворешна трговија и економија). Кандидатката вложи огромен напор за пренесување на тие современи наставни содржини (особено бидејќи наставните содржини се предаваат на англиски јазик), селектирање на соодветна литература на англиски јазик, со што се овозможи следење на наставата и од страна на студенти што не го познаваат македонскиот јазик (студент дојден на размена од Љубљанскиот Економски факултет при последниот циклус на предавања) и примена на Болоњскиот принцип на мобилност на студентите за што постојат конкретни примери.

Д-р Калина Треневска-Благоева во изминатиот период покажала забележителен интерес и работа во научно-стручната дејност. Оценката на дел од трудовите и проектите, објавени до изборот за доцент во 1999 година, е прикажана во рефератот за избор на кандидатката за вонреден професор по предметите статистичка анализа и основи на дигитална економија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје од 1.03.2004, година и во претходните реферати за избор, односно реизбор.

Во извештајниов период, до денес, д-р Калина Треневска-Благоева, самостојно или како коавтор, изработила повеќе трудови.

1. Калина Треневска Благоева, *Спецификности на е-бизнисот во аграрниот сектор,* Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2004
2. Калина Треневска Благоева, *Поддршка на конкурентноста на ИКТ-секторот преку политика на бенчмаркинг,* Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2005
3. Калина Треневска Благоева, *Статистика на е-бизнис – матрица на ефекти,* Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2006
4. Калина Треневска Благоева, *Реорганизација на задните канцеларии при еВлада со осврт на Република Македонија,* Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2007
5. Калина Треневска Благоева ,*Првична анализа на податоците добиени од пилот анкетата „Користење на ИКТ и е-комерцијатавп претпријатијата во република Македонија"* Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2008
6. Калина Треневска Благоева, Сашо Јосимовски, *Користење на ИКТ и е-комерцијата во претпријатијата во Република Македонија како факторна нивната конкурентност, Билтен на Меѓународната научна конференција „Конкурентноста во услови на глобална економија", Универзитет во Ниш, Економски факултет, 2008*
7. Калина Треневска Благоева, *Иновациите и зголемување на конкурентноста – непобитна директна поврзаност во новата економија,* Билтен на Меѓународниот симпозиум "Предизвиците на новата економија", на Економскиот факултет, Прилеп, 2005
8. Kalina Trenevska Blagoeva, Saso Josimovski, *Macedonian IT workforce demand survey for 2005 - real issues*, Bulletin of the International Statistical Institute, Portugal, 2007 (Анкета на побарувачката на работна силаво ИТ секторот на Македонија во 2006 година – реални проблеми" Билтен на Меѓународниот статистички институт, Португалија, 2007
9. Kalina Trenevska Blagoeva, Saso Josimovski, *Business process management and business process rules - examples of use of these techniques and perceived benefits,* Proceedings of the International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD 2008, Ohrid 9 *(Менаџментот на бизнис процесите и правилата во бизнис процесите – примери за примена и очекувани користи,* Зборник на трудови на меѓународната конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, Охрид, 2008 (претходно рецензиран и презентиран)
10. Kalina Trenevska Blagoeva, Saso Josimovski, *E-business curriculum development at the Faculty of Economics, University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje*, Proceedings of the Informatics Education Europe II 2007: Thessalonica (*Развој на програмата по е-бизнис на Економскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје,* Зборник на трудови на меѓународната конференција Информатичко образование во Европа, II 2007, Солун (објавен преку процес на двоетапна рецензија со керегирани забелешки и презентиран)
11. Kalina Trenevska Blagoeva, Saso Josimovski, *Is clustering helping the industry – the example of IT cluster in the Republic of Macedonia,* Proceedings of the 3rd International Conference of the Association of South Eastern Europe Economic Universities "Regional Economic cooperation in South Easter Europe" organized by Tsenov Academy of Economics from Svishtov, Bankya, Bulgaria, 2006 (*Дали формирањето на кластери им помага на индустриите – примерот на ИТ*

кластерот во Република Македонија, Зборник на трудови на третата меѓународна конференција на Асоцијацијата на Економските универзитети од Југоисточна Европа под наслов "Регионалната економска соработка во Југоисточна Европа", организирана од Ценов Академијата за економија од Свиштов, Банкја, 2006, Бугарија (објавен преку рецензиран абстракт и презентиран)

12. Kalina Trenevska Blagoeva, Saso Josimovski, *Miajace Santa, Mijoska Marina, Lessons learned on the Mapping of Research Organizations and Capabilities*, deliverable in FP6 IST project Extending Information Society Networks to the Western Balkans Region, 2007 (*Стекнати сознанија преку мапирање на истражувачките организации и нивните капацитете,* Извештај од спроведената анкета на проектот Проширување на мрежата на информациското општество во регионот на Западен Балкан, 2007)
13. Калина Треневска Благоева, Сашо Јосимовски, *Извештај и статистичка анализа на спроведената анкета на побарувачката за ИКТ работна сила за Македонија,* по барање на МАСИТ и спонзориран од ГТЗ преку потпишан договор со Економскиот факултет (може да се најде како отпечатена верзија и официјално издание на МАСИТ, на www.masit.org.mk/?IT%20Workorce%20demand)
14. Калина Треневска Благоева, Сашо Јосимовски, *Влијанието на ИКТ на глобалната економија – случајот на Република Македонија, Умиверзитет во Ниш,* Економски факултет, октомври 2006

Статистичка анализа, учебник, Економски факултет, Скопје, 2003 (рецензијата објавена во претходниот рецензентски извештај во Билтенот бр. 846 од 1.03.2004)

Од претходно наведените трудови ќе се задржиме на неколку што мислиме дека претставуваат особен придонес за научно-стручната јавност.

Првична анализа на податоците добиени од пилот анкетата „Користење на ИКТ и е-комерцијата во претпријатијата во Република Македонија" Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2008

Потребата за конвергенција на статистичките истражувања кон оние на Еуростат е во рамките на спроведување на Програмата за статистички истражувања 2008-2012 на ДСЗ. Истата е усвоена и во неа конкретно за мерење на користењето на ИКТ се предвидени четири истражувања во доменот на деловните статистики на годишно ниво. Во рамките на годишните истражувањата на Еуростат почнувајќи од 2002 год, се спроведува истражување под наслов "Користење на ИКТ и е-комерцијата во Унијата" (Eurostat model for a Community survey of the ICT usage and e-commerce in the enterprises 2008 Model questionnaire version 3.3.). Прашалникот има три верзии кои што биле неопходни поради брзата динамика на промени на предметот на истражување што малку ја намалува споредливоста во тек на време. Пилот анкетата се спровела со цел да се направи пробно истражување за тоа какво е нивото и "длабочината" на користењето на ИКТ и компјутерските мрежи на ниво на претпријатија во Република Македонија. Анкетниот прашалник бил истиот оној користен во рамките на ЕУ анкетата, со мали промени во делот D каде што се поедноставени некои прашања за кои се сметало дека е се уште премногу рано да се поставаат во детална форма. Анкетата по така подготвениот прашалник се извела во текот на околу еден месец во периодот декември 2007 – јануари 2008. Биле анкетирани 185 претпријатија од целата Република. Како анкетари биле искористени студентите во четврта година на е-бизнис смерот. Тоа е сторено со основна цел да се искористат стручни анкетари (била спроведена и инструктажа), кои што ја разбираат проблематиката и можат и дополнително да ги објаснат прашањата и поимите. Резултатите од истражувањето се детално табеларно и

графички образложени со аналитички дел каде што се даваат објаснувања за емпириски добиениите податоци. За истакнување е соработката со студентите, со што се овозможило нивно „влегување" во македонските претпријатија и практични сознанија за тоа како се изведува анкетно истражување на терен. Со сознанијата од ова пилот-истражување се очекува да се помогне и во работата на ДЗС на Република Македонија и да се стекнат искуства за идни покомплетни истражувања. Вакви емпириски податоци за прв пат по овој прашалник се добиваат за државата и планот да се продолжи да се изведува истата на годишно ниво повторно користејќи го моделот на веќе подобрениот прашалник ќе овозможи следење на динамиката на користењето на ИК технологиите во македонските препријатија не само квантитативно, туку и квалитативно. Интенција е во понатамошните анализи да се покажат одредени каузалитети по структури (големина на претпријатие, стопанска дејност, локација и др.).

Извештаја и статистичка анализа на спроведената анкета на побарувачката за ИКТ работна сила за Македониј,а официјално издание на МАСИТ(Стопанска комора за информациско-комуникациски технологии)

По барање на МАСИТ, а финансирана од Агенцијата за германската техничка помош ГТЗ, се спроведе анкета за побарувачката на работна сила со образование во областите на информациските и комуникациските технологии. Анкетата е спроведена со користење на компјутерски-асистирано анкетирање со користење на веб базираниот софтвер QuestionPro кој бил откупен еден месец. Анализата е објавена и официјално презентирана во средината на 2006 година пред пошироката јавноста и е всушност детален извештај на околу 40 страници, во кој се претставени анализираните податоци. Поважни заклучоци и препораки што произлегуваат од оваа обемна и значајна статистичка акција се следниве:

- На овој тип на работна сила (најмногу инженери) им недостасуваат деловни вештини, комуникациски и презентациски способности;
-Има недостаток на високо обучени софтвер инженери со познавање на најсовремените софтверски алатки;
-Женската популација во информациските кадри е сеуште непропорционално застапена;
-Кадрите со вакви вештини треба да бидат ориентирани кон практиката и во текот на студирањето да обавуваат стручни пракси;
-Најголеми побарувачи на овоие кадри се ИКТ компаниите, но видлив е трендот на проширување на побарувачката и во другите сектори.

Сепак, за особено истакнување е тоа што токму резултатите од оваа анкета беа презентирани пред Министерството за образование и наука, како лобирање за зголемување на квотите на факултетите што едуцираат вакви кадри, истите беа земени како релевантни и репер, па така и фактички се зголемија соодветните квоти почнувајќи од учебната 2007/2008 година. Оваа анкета послужи и како мотив за спроведување на следната анкета, при што беа исправени и сите воочени недоследности и проблеми околу прашалникот и изборот на примерокот

Стекнати сознанија преку мапирање на истражувачките организации и нивните капацитете, Извештај од спроведената анкета на проектот Проширување на мрежата на информациското општество во регионот на Западен Балкан од програмата FP 6, (SCORE) 2007

Во процесот на мапирање на истражувачките организации и капацитети во земјите од Западниот Балкан воочени се одредени специфичности и бариери. Со цел овие специфичности да бидат подобро анализирани, креиран е соодветен прашалник со кој требало да се проучат влијанието на ЕУ проектите за подигање на нивото на посветеност на организациите во учеството во ЕУ FP ICT научно истражувачките проекти, како и структурата и карактеристиките на

потенцијалните организации и учесници за овој тип на проекти. Прашалникот е спороведен во сите земји на Западен Балкан, при што врз основа на прибраните податоци, дојдено е до следните сознанија:

- Организациите кои учествуваат, или имаат намера да учествуваат во европските ИКТ научно-истражувачки проекти главно немаат личност одговорна за тој дел, што се покажало како недостаток при подготовките на активностите за обучување на организациите за учество во проекти;
- Соработката меѓу земји преку сродни проекти позитивно влијае на учеството во ЕУ проектите од областа на ИКТ;
- Учесниците во проектите главно се универзитети и институти, со мало учество и заинтересираност на организации од стопанството;
- Постои ниско ниво на познавање на можностите кои ги нуди FP ICT програмата, како и начинот на учество во истата;
- Не постојат приоритети во истражувањата како на ниво на организации, така и на национално ниво;
- Создавањето на посебна база на истражувачки организации кои се заинтересирани за учество во подготовките за аплицирање во FP проекти, како иницијална проектна активност, се покажа како многу ефикасна постапка.

Преку анализа на резултатите од анкетата може да се помогне да се отстранат слабостите кај научноистражувачките организации од јавниот и приватниот сектор со што би се овозможило подигање на капацитетите за нивно поактивно вклучување во повиците за конкурирање за европските проекти.

Развој на програмата по е-бизнис на Економскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Зборник на трудови на меѓународната конференција Информатичко образование во Европа, II 2007, Солун *(објавен преку процес на двоетапна рецензија на слепо со корегирани забелешки и презентиран)*

Целта на трудот е да се објасни процесот на создавање на нова програма на Економскиот факултет во Скопје преку меѓународна соработка, а поткрепен од ТЕМПУС проект. Сепак, вербалната анализа какви се предностите од новиот курикулум би била недоволна, така што авторот решава да спроведе анкета меѓу студентите околу нивните размислувања за новите наставни содржини (вкупно се анкетирани 113 студенти). Од анализираните резултати може да се заклучи дека тие се заинтересирани за новите содржини и особено за воведување на компјутерите и Интернетот во наставата и по некомпјутерските дисциплини, што факултет и реално го спроведува.

Дали формирањето на кластери им помага на индустриите – примерот на ИТ кластерот во Република Македонија, Зборник на трудови на третата меѓународна конференција на Асоцијацијата на Економските универзитети од Југоисточна Европа под наслов "Регионалната економска соработка во Југоисточна Европа", организирана од Ценов Академијата за економија од Свиштов, Банкја, 2006, Бугарија (објавен преку рецензиран абстракт и презентиран)

Создавањето на кластери во Република Македонија, пред се како организациска форма на фирмите (особено малите и средните претпријатија) од иста индустрија да се групираат значи и услов за поорганизиран настап на странските пазари. Меѓу секторите што беа избрани преовладуваат оние што ги преработуваа земјоделските и сточарските производи (вино, сирење), трудоинтензивно ориентираната текстилна индустрија, тиризмот, а меѓу нив и секторот за информациски технологии. Оваа акција беше основен приоритет на Македонската акција за конкурентност, а финансиски и технички помогната од

УСАИД. Целта била и преку една индустрија со учество на високо образована работна сила и големи можности за извоз преку аутсорсинг да се најде вработување на растечката популација на млади, едуцирани луѓе. Користени се статистички податоци од различни извори. На крај, како заклучок се препорачува кооперација на фирмите од кластерот на Балканско ниво, бидејки меѓу големите играчи на глобален план, само така може да се освои дел од растечкиот пазар за вакви услуги и производи.

Реорганизација на задните канцеларии при еВлада со осврт на Република Македонија, Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 2007

Електронските јавни услуги се огромен дел од доменот на работење на еВлада. Постојат два пристапа при анализа на степенот на софистицираност на еВладата: предна канцеларија пристапот (front office) и задна канцеларија (back office) пристапот. Вистински напредок во апликацијата на електронски јавни услуги е тогаш кога задните канцеларии се така реорганизирани, што станува возможен комплетно дигитален тек на податоците, без човечки фактор, дури ни во излезот на услугата. Тоа е можно ако е постигнат *висок степен на интеграција на податоците*. Владиниот портал uslugi.gov.mk е почетен чекор во обезбедувањето на електронски јавни услуги, при што неможноста за обезбедување на помошните услуги менаџментот на идентитетот и електронските плаќања е голема пречка. Услуга со најголем степен на софистицираност е пријавувњето за работа на конкурси на Агенцијата за јавни службеници.

Менаџментот на бизнис процесите и правилата во бизнис процесите – примери за примена и очекувани користи, Зборник на трудови на меѓународната конференција за претприемништво, иновации и регионален развој, Охрид, 2008 (рецензиран на слепо и презентиран)

Главна идеја на трудот е дека преку формален, процесен пристап и добро дефинирање на деловните процеси во едно претпријатие, може да се подобри неговата конкурентност и да се постигне подобра усогласеност меѓу стратегијата и извршувањето на деловните процеси . Се користи современата нотација со помош на графичка презентација со дефинирани симболи и врски, т.н. нотација за моделирање на деловните процеси (BPMN). Се анализираат пет реални фирми од македонското стопанство од различни индустрии. Aspekt Solutions е мала, нова фирма која нуди специјализиран софтвер за осигурителни компании. Можностите за раст на оваа фирма се значителни, пред се преку нудење на закуп на услуги преку Интернет на нивните клиенти, со што овие апликации би се направиле поефтини. Втората фирма Metro е дистрибутер на замрзната и пушена риба. Идејата е процесот на нарачки од маркетите да се автоматизира преку користење на радиофреквенциски читачи на бар кодови. Оваа идеја можеби на почетокот би била поголема инвестиција, но со оглед на тоа што менаџментот на компанијата планира да ја прошири дистрибуцијата и на околните пазари (Косово, Албанија) на среден рок би била исплатлива и би довела до заштеди. Третата анализирана фирма е Евроком од Неготино. Ова е всушност фирма што нуди услуги за колење и пакување на пилиња по најновите стандарди НАССР. Планирано е воведување на веб страница за комуникација со клиентите. Четвртата анализирана фирма е ДЕДЕЕС во областа на агробизнисот, односно заштитата на растенијата. Оваа фирма е мала, со одреден број специфични клиенти (земјоделски аптеки, земјоделци) за кои би се нудело бизнис – кон – бизнис решение. Последната, само делумно анализирана фирма е ЕВН како голема фирма и тоа оној дел што се однесува за подобрување на односите кон корисниците што за наши услови би било голем напредок. Заклучокот неминовно се наметнува дека преку формален, графички приказ на бизнис процесите, можат подобро да се согледаат

недоследностите, а подобрувањата треба да се гледаат како од организациски пристап, така и од аспект на користење на современи технологии.

Во текот на својот работен век, кандидатката била учесник на бројни научни и апликативни проекти (меународни и домашни), при што ги издвојуваме само оние од овој извештаен период:

TEMPUS проект CD_JEP 40093-2005 "Master of E-Business Management at the Faculty of Economics in Skopje -MEMFES". Кандидатката е учесник во овој проект уште од самиот почеток, а е член на групата за развој на наставните програми и план CDG (Curriculum development group) - овој проект трае.

TEMPUS проект CD-JEP 17030-2002-2006 "E-business management for the Faculty of Economics in Skopje" Кандидатката е учесник во овој проект уште од самиот почеток, а била член на групата за развој на наставните програми и план CDG (Curriculum development group)

Учество во развој на предметна програма по предметот симулациони методи на TEMPUS проектот CD-JEP 400015-2005 "Statistical Methods for Business and Economics-SMEBE"

"Application Framework for European electronic public procurement in Western Balkans ELLECTRA - Web", FP6-IST-6 STREP Pr.No. 045153

"Strengthening the Starategic Cooperation Between the EU and Western Balkan Region in the field od ICT Reserch" (SCORE), FP 6, Project No 045384

"Risk assessment of Customs in Western Balkans (RACWeb)", FP-6, IST, Pr.No. 045101

Кандидатката во соработка со Министерството за финансии на Република Македонија, во 2002 година беше ангажирана како пруфридер во големиот проект за преведување на стручна литература и учебници од најпознатите светски издавачи и тоа на следниве две книги:

Applied Statistical Methods for Business, Economics, and the Social Sciences, Carlson W. Thorne B., Upper Saddle River, 1997

Microeconomic Analysis, Hal Varian, 2000

Преку преведување на познати наслови им се овозможува на студентите можност да користат врвни учебници и да се подигне нивото на наставата и нејзиниот квалитет.

Во 2001 год. беше раководител на курсот за статистичко заклучување со користење на Excel за дел од вработените во Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Проф. Треневска Благоева е ангажирана како учесник и координатор од Македонија во подготовка на големиот лексикон на статистички термини (Lexicon of Statistical Sciences) на Springer, како дел од групата од македонски статистичари.

Во моментов, кандидатката е ангажирана како координатор на предметите статистика за бизис и економија за паралелка по е-бизис, основи на дигиталната економија и за прв пат од овој семестар на предметот менаџмент на е-бизис II . На постдипломски студии е член на тимот за настава и испити на предметот Business Process Design in e-business на студиите по е-бизнис менаџмент и на предметот електронски јавни услуги, а е секретар на истите.

Координатор е на предметот симулациони методи на постдипломските судии по статистика за бизнис и економија.

Би сакале да истакнеме дека кандидатката од самиот почеток до сега сите предмети на департматот по е-бизнис на додипломски и постдипломски студии ги изведува комплетно на англиски јазик и истиот го владее одлично (прилог уверение од Катедрата по англиска филологија на Филолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” Скопје). Пасивно го владее и францускиот јазик.

Член е на советот на експерти на МАСИТ. Учествува како член во 4 комисии за оценка (еден одбранет) на докторати пријавени на Економскиот факултет во Скопје и две магистерски тези.

Учествува на бројни конференции и работилници во земјата и странство при што би ги издвоиле следниве:

- Учество по повик во јавната расправа по повод Предлог програмата за статистички истражувања (2008-2013) одржана во ДСЗ, декември 2007
- ЕЛИСА Проект е-Учење на подобрување на пристапот до информатичкото општество на мали и средни претпријатија во Југоисточна Европа, 11.04.2008 презентер, Стопанска комора на РМ.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесените документи според конкурсот и од сето понапред детално образложено, би сакале посебно да го истакнеме следново:

-Објавените трудови и нејзината научна работа покажуваат дека таа има постигната научна и стручна зрелост, анализите ги базира на емпириски резултати пред се од сопствени истражувања, а некои од нив се користат и како референтни анализа за водење активни политики.

- Кандидатката е активно вклучена во изведување на наставата и вежбите по предметите статистика за бизис и економија и основи на дигиталната економија. Работните обврски ги извршува совесно, во постојан контакт со студентите и преку постојана работа со нив на предавањата и вежбите. Во наставата користи современа литература, компјутери и платформа за комуникација и учење од далечина Zephyr со што им се овозможува на студентите едноставен и брз контакт, испраќање на сите достапни материјали во дигитален облик, брзо објавување на резултатите од тестовите и испитите и др.

.-Ангажманот на последипломските студии на предметот дизајнирање на бизнис процесите во е-бизнис е пионерски од аспект на воведување на процесниот пристап при анализа на работењето на фирмите. Се започнува со формалниот процес на мапирање на процесите со користење на BPMN и нивна анализа. Се изучуваат методите на подобрување на деловните процеси во кои што спагааат и статистичките техники на six sigma.

-Учесник е во меѓународни проекти за развој на нови наставни планови и строго научно-истражувачки проекти.

-Учесник е на меѓународни конференции како презентер на сопствените трудови и учесник на трибини.

-Со нејзино користењето на англискиот јазик како наставен во два предметите, се овозможува постигнување на размена на студентите.

-Со голема посветеност ги спроведува задачите кои ги добивала од органите на Факултетот, за негова меѓународна афирмација и акредитација и интерна самоевалуација.

Врз основа на сето понапред напишано, а во согласност со Законот за високо образование, комисијата има особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје да ја избере кандидатката проф. д-р Калина Треневска Благоева за наставник по предметите статистика за бизнис и економија и основи на дигиталната економија во звањето редовен професор.

Проф.д-р Коста Сотироски

Проф. д-р Жанета Попеска

Проф.д-р Нада Секуловска

Скопје, 29.06.2009

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-2280/2
07.09 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 134 став 1, а во врска со член 135 и член 52 став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование ("Сл.весник на РМ" бр. 35/08) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет-Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет седницата одржана на **04.09.2009** година, ја донесе следнава

О Д Л У К А

1. Кандидатот проф. д-р Калина **Треневска Благоева** се предлага да се избере за **редовен професор** по предметите **Статистика за бизнис и економија** и **Основи на дигитална економија.**

2. Оваа одлука да се достави до Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје за избор, архивата на Факултетот и папката на соодветната седница.

О б р а з л о ж е н и е

На објавениот Конкурс за избор на наставник по предметите **Статистика за бизнис и економија** и **Основи на дигитална економија** во Утрински весник од 26.05.2009 година се пријави проф. д-р Калина **Треневска Благоева**.

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 967 од 01.07.2009 година.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 04.09.2009 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. Проф. д-р Коста **Сотироски**
2. Проф. д-р Жанета **Попеска**
3. Проф. д-р Нада **Секуловска**

го утврди кандидатот проф. д-р Калина **Треневска Благоева** како кандидат за наставник по предметите **Статистика за бизнис и економија** и **Основи на дигитална економија** на Економскиот факултет-Скопје, во звањето **редовен професор.**

Согласно член 52 став 1, алинеја 16, Сенатот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"-Скопје треба да го изврши изборот на именованата во звањето **редовен професор**.

Доставено до:
-именованиот
-Сенатот на Универзитетот
-општа и персонална служба,
- архивата
- папката од соодветната седница
- Комисијата за веб страната на Факултетот

Д Е К А Н,

Проф.д-р Бобек ШУКЛЕВ

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ